## Влада на Република Северна Македонија

Бр. 44-2282/8
Скопје, 23 март 2020 година

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

С К О П Ј Е

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Дваесет и шестата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 23 март 2020 година**

„ТОЧКА 2: **Записник од Осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 март 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 март 2020 година.

Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. Да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 21:00 часот до 5:00 часот наредниот ден.

2. Да се забрани движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст од 67 години, во временски период од 11.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.

3. Да се забрани движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст до 18 години, во временски период од 21.00 часот до 12.00 часот наредниот ден.

4. Да се забрани движење на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 21.00 до 5.00 часот наредниот ден.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

Со цел, операционализирање на одлуките за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија се задолжува Главниот кризен штаб, на утрешниот состанок, врз основа на писмен предлог од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, да го утврди начинот на организирање на јавниот превоз.“

**Прилог:**

- **Записник од ГККШ**

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**

- **сите државни институции**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: Ирма Мандева
Проверил: Снежана М.Пендовски
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Скопје, 23 март 2020 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 23-03-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia Org. | Број: Numër | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlerë |
| 44-2282/8 | | | |

Архивски број: 08-780/8

**З А П И С Н И К**

**од Осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 23 март 2020 година**

На 23 март 2020 година (понеделник), со почеток во 9.30 часот, во просториите на зградата на Владата на Република Северна Македонија, се одржа Осмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На состанокот присуствуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

На состанокот присуствуваше и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална бебзедност, Ѓоко Танаскоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија и Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи.

Од состанокот на Главниот координативен кризен штаб, отсуствуваше Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

*

*　　　　*

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 <u>се утврди следниот Дневниот ред:</u>

<u>Точка 1:</u> Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за операционализација на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, во функција на обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19;

<u>Точка 2:</u> Прашања и предлози;

*

*　　　　*


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008 SGS

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, сите членови на ова тело, секој од своја надлежност ги информираа членовите за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

<u>По однос на точката 1 од Дневниот ред,</u> претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб во однос на потребата од операционализација и прецизирање на обврските на сите надлежни институции по Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.72/20), донесена од Владата на Република Северна Македонија, под бр.44-2416/1 од 21 март 2020 година.

Министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица за дополнително преземени мерки и активности согласно задолженијата од состаноците на ова тело.

Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб и другите присутни лица со Прегледот на приватните и државните сместувачки капацитети за државен карантин.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **Во врска со заклучокот број 1 од Седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб во врска со операционализација на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.72/20), донесена од Владата на Република Северна Македонија, под бр.44-2416/1 од 21 март 2020 година, во однос на утврдување на исклучоците, односно:**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

- за големите компании кои работат во 3 и 4 смена, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска да ги искоординира стопанските комори во однос на прифатениот образец за издавање на Дозвола за движење на вработен поради вршење на сменска и ноќна работа, а во координација со Државниот инспекторат за труд, до Министерството за информатичко општество и администрација и до Министерството за внатрешни работи да биде доставен список на компании кои работат во 3 и 4 смена.

- за сите пекари, бурекџилници и друштва кои вршат погребални услуги да се објави повик, со цел истите да се пријават преку електронска пошта во Министерството за информатичко општество и администрација, со цел да се добие дозвола за движење за време на овој период.

2. Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во соработка со сите членови на Владата од економскиот ресор и во комуникација со стопанските комори во Република Северна Македонија да утврдат соодветен начин на комуникација за прашањата поврзани со економските мерки и политики на Владата за време на овој период, преку воспоставување на еден заеднички центар за информирање (call center).

3. Министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров, да испрати нота до дипломатско конзуларните претставништва во Република Северна Македонија со молба за почитување и организирање на нивното работење согласно Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

4. **На наредната седница на Владата на Република Северна Македонија, да се разгледа предлогот од доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, во врска со воведување на нови мерки од Владата, особено за:**

   - **лицата над 65 години возраст за кои да се забрани движењето во текот на денот по 10.00 или 11.00 часот, до 6.00 часот наредниот ден и**

   - **за лицата под 18 годишна возраст за кои да се забрани движењето по 15.00 или 16.00 часот до 6.00 часот наредниот ден.**

5. **На наредната седница на Владата на Република Северна Македонија, да се разгледа предлогот од Наќе Чулев, министер за внатрешни работи за воведување на 24 часовна забрана на движење на територијата на Република Северна Македонија, за време на викендите.**

6. **На наредната седница на Владата, да се разгледаат предлог – уредбите со законска сила за основното, средното и високото образование, подготвени од Министерството за образовани и наука.**

7. **На наредната седница на Владата, да се разгледа Предлог – уредбата со законска сила за примена на Законот за јавните набавки за време на вонредна состојба, подготвена од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, која до одржување на седницата ќе биде доработена и усогласена со Министерството за економија и Министерството за здравство, во смисла да се дополни со дезинфицирање на објектите во кои се сместени лицата во државен карантин, дезинфицирање на болниците, како и други работи кои може да бидат опфатени со оваа уредба и притоа да се утврди максималниот износ на средства за набавка на овие работи од уредбата.**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk

8. На наредната седница на Владата, да се разгледа Предлог – уредбата за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба, подготвена од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, која до одржување на седницата да биде доработена и дополнета во насока да се избрише членот 3б од Предлог – уредбата, да се предвиди обезбедувањето на храна и вода за лицата кои ги обезбедуваат објектите за државен карантин, објектите од државен карантин да прилагодат изолирана просторија за лицата кои покажуваат симптоми за Коронавирус, како и други работи кои може да бидат опфатени и регулирани со оваа уредба да бидат инкорпорирани во истата.

9. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да води точна евиденција (преглед) за тоа кои лица се сместени во државен карантин, од кога, во кој објект и до кога.

10. Во врска со точка 11 од Записникот од Седмиот состанок на Главниот координативен кризен штаб, Министерството за животна средина и просторно планирање да ги дефинира сите аспекти за собирање, третман и дистрибуција на отпадот кој се третира како медицински отпад, вклучувајќи го и комуналниот отпад, кој се собира од лицата кои се спроведени во самоизолација.

11. Да се разгледа можноста за дополнително ангажирање на Армијата на Република Северна Македонија и нејзината механизација согласно Упатството за учество на Армијата на Република Северна Македонија, донесено од Претседателот на Република Северна Македонија, за потребите на приспособување на теренот пред Клиниката за инфективни болести, каде ќе биде поставена маневарска модуларна болница, тип на пневматски шаторски систем.


Канцеларија на Претседателот на Владата
на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

*

* *

По однос на точката 2 од Дневниот ред, немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

* *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На седницата е воден записник.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2008 SGS